**Јавна расправа по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите на 07.06.2012**

**Андреја Богдановски – Аналитика тинк тенк**

Почитуван Претседателе, почитувани Пратеници, претставници од граѓанските организации, дами и господа. Аналитика е тинк тенк организација која меѓу другото се бави и со прашања поврзани со безбедноста уште од 2005 година.

Во текот на изминатиот месец објавивме две анализи: Управување со безбедносно разузнавачките служби во Македонија како и една сеопфатна регионална анализа која ја работевме со 6 други тинк тенк организации од регионот насловена "Алманах за надзорот на реформите во безбедносниот сектор на Западен балкан". Двете публикации се достапни за превземање од нашата интернет страница.

Аналитика начелно ги поздравува измените и дополнувањата на законот со цел хармонизација со Законот за кривична постапка и препораките од ЕК. Истовремено сакаме да подвлечеме дека од суштинска важност претставува потребата за организирање на јавна расправа во врска со очекуваниот закон за измена и дополнување на законот за Агенцијата за разузнавање оваа есен имајќи предвид дека истиот не е изменет уште од неговото донесување во 1995 година.

Истовремено, според НПАА оваа година треба да се разгледуваат законите за измена и дополнување на законот за МВР и Финансиска полиција каде истотака има можност за интервенција во текстот во делот на надзорот и контролата и ние како тинк тенк сме секогаш отворени за соработка.

Следствено ги повикуваме соодветните органи и комисии за организирање на јавни расправи по овие законски измени, а посебно по тој за Агенцијата за разузнавање. Јас би се задржал на две точки од ова предлог законско решение во делот на финансиските средства како и повеќе би зборувал за контролата и надзорот.

Во делот на проценката на финансиските средства потребни за спроведување на законот во ова предлог решение се нагласува дека не се потребни финансиски средства. Она што треба да се потенцира и што останува нејасно е како Царинската управа и Управата за финансиска полиција ќе вршат следење на комуникации?

Мене не ми е познато дали во моментов е во тек набавка на техничка опрема или пак дали со донесувањето на новиот закон за кривична постапка предвидени се финансиски импликации во овој сегмент, меѓутоа тука станува збор за големи финансиски расходи. Извештајот на ЕК за

напредокот за 2011 го потврдува ова и вели дека: *Царинската управа и Финансиската полиција немаат технички капацитети за примена на специјалните истражни мерки.*

Заради ова мое лично мислење е дека потребно е сериозно да се разгледа хрватскиот модел на следење на комуникации, а тоа е преку воспоставување на еден единствен центар за следење на комуникации кој ќе им служи на различните баратели единствен пристап, а во Хрватска го носи името “оперативно – технички центар за надзор на комуникации“. На овој начин драстично би се намалиле трошоците за опрема, со чии средства би можело да се купи пософистицирана опрема како и овозможување на поедноставен надзор од страна на телата за надзор.

Имајќи предвид дека со предлог законот за измена и дополнување на законот за следење на комуникации би требало да дојде до зголемување на обемот на барања за следење на комуникации (со вклучување на финансиската полиција и царинската управа во системот) од императивно значење е потребата на засилување на надзорот и контролата од страна на Собранието. Според извештајот на ЕК за 2011 *Постоечкиот парламентарен надзор над користење на наредби за следење треба да се зајакне.*Меѓутоа моментално предложените законски измени не ја опфаќаат контролата и надзорот.

Аналитика има став дека потребно е да се донесе едно сеопфатно законско решение за парламентарен надзор во областа на безбедноста и одбраната како во случајот со Црна Гора, заради идентификуваните законски пречки со кои моментално се соочуваат надзорните тела.

Конкретно за овие законски измени Аналитика има четири препораки со кој суштествено би се зајакнала контролата од страна на Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникации:

- По барање на Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите или пак нејзин член МВР, МоД, Царинската Управа како и Финансиската полиција поднесува посебни извештаи, податоци и информации за активностите од својот делокруг на работа.

- Овластените органи (МВР, Царинска управа и Финансиска полиција и МОД) се должни на барање на комисијата да дозволат непосреден увид за активнистите превземени за надзор на следењето на комуникациите односно овозможување на теренски посети.

- Вработените во МВР, Царинска управа, Финансиска полиција, МОД должни се на барање на комисијата, да учествуваат на комисиски расправи во рамката на овластувања која произлегува од нивните работни места или функции.

- Овластените органи (МВР, МОД, Царинска Управа и Финансиска полиција) не може да дадат податоци за идентитетот на соработниците на органите и други лица со кои откривањето на тие податоци би можело да наштети како на безбедноста на РМ така и разузнавачките акции кои се во тек.

За да ова може да се операционализира потребно е комисијата да добие посебен буџет како и засилување со експертска помош и поддршка.

Уште еднаш би сакал да потенцирам дека Аналитика како тинк тенк организација стои на располагање за дополнителни коментари и сугестии.